Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Архивски бр. 08-373/1
датум 04-02-2025

# ИЗВЕШТАЈ
## од извршен надзор во Основниот суд Велес

Комисијата за надзор над функционалноста над АКМИС формирана од министерот за правда согласно Планот за надзор бр. 08-1154/3 од 26.03.2024 година, на ден 17.04.2024 година во 10.00 часот изврши увид во функционалноста на автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети во Основниот суд Велес. Со претходно доставено писмо до судот, беше побарано за увидот да биде обезбедена документација цитирана во писмениот допис.

Надзорот се вршеше во присуство на претседателката на Основниот суд Велес - судијата Билјана Јанчева и судскиот администратор Сузана Варналиева, за периодот од последниот извршен надзор во судот од 2021 година, заклучно со април 2024 година. Претседателката на судот е избрана на крајот на 2023 година, согласно што надзорот е извршен за работата на претходната претседателка на судот судијата Лидија Димова, која заминала во пензија согласно исполнети услови пропишани со закон.

Во Основен суд Велес предвидено е судиската функција да ја вршат вкупно 18 судии, но во моментот пополнети се 12 работни места за судии, и тоа 7 судии за кривична и 5 судии за граѓанска материја. Во судската служба предвидени се 116 судски службеници, но од нив пополнети се само 53 работни места. Во периодот за 2022 и 2023 година реализирани се вкупно 6 унапредувања, а за 2024 година предвидени се 8 вработувања и 4 унапредувања на судски службеници. Вработување на информатичар е предвидено за 2025 година.

**1. Судски администратор**

Во Основниот суд Велес судски администратор е Сузана Варналиева.

**2. Одлука за формирање на работното тело за управување со движење на предметите во судот за 2022 и 2023 година**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Секоја година се донесува Одлука за формирање на работното тело за управување со движење на предметите заради персонални измени : СУ 04 бр.153/21 од 31.12.2021 за 2022 година, СУ – 04 бр.126/22 од 30.12.2022 година за 2023 година и СУ 04 бр.145/23 од 27.12.2023 за 2024 година.

**3. Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии за 2022 и 2023 година, дали истите се донесени до 31.12 и колку пати се менувани и дали е прибавено мислење од седница на судии и достава до сите судии**

Во текот на 2022 година донесениот годишен распоред за работа на Основниот суд Велес за 2022 година СУ - 04 бр.151/21 од 31.12.2021 година бил менуван неколку пати:

1. Одлука за измена и дополнување на Годишниот распоред бр. СУ-04 бр.151/21-6 од 15.03.2022 година, со образложение за организациски потреби на судот на претседателот на Основниот суд Велес Лидија Димова за да обезбеди еднаква оптететеност во обемот на работа на сите судии од кривичниот и граѓанскиот оддел и можност за остварување на ориентационата норма;
2. Одлука за измена на Годишниот распоред за работа на Основниот суд Велес СУ – 04 бр. 151/21-8 од 16.05.2022 година, повторно од организациски причини на предлог на судија, заради обезбедување на приближно рамномерна оптовареност во обемот на работа на сите судии од Кривичниот и Граѓанскиот оддел и можност за остварување на ориентационата норма.
3. Одлука за измена на Годишниот распоред за работа на Основниот суд Велес СУ – 04 бр. 151/21-13 од 15.09.2022 година повторно од организациски причини.
4. Одлука за измена и дополнување на Годишниот распоред за работа СУ – 04 151/21-22 од 14.12.2022 година, заради времено оддалечување на судија со одлука на Судскиот совет бр.10-11/35 од 13.12.2022 година.

**ПРЕПОРАКА**: Измените на Годишниот распоред може да влијаат на работата на судот. Претседателката на судот Лидија Димова во образложениeто за измени на годишниот распоред наведува дека активно ги следела состојбите со решавање на предметите, биле вршени различни анализи за да се овозможи ажурност на судот, но мора да се констатира дека честите измени на годишниот распоред довеле до незадоволство кај судиите, заради што биле поднесени приговори. Судскиот деловник дозволува менување на годишниот распоред по оцена на претседателот на судот за организација на работата во судот, но треба да се избегнува често менување на распоредот, од причина што доведува до можност за влијание на

одреден вид на предмети, бидејќи врз основа на распоредот, судиите се внесуваат во АКМИС и се врши распределбата на премети. Доколку биде констатиран застој кај одреден вид на предмети, за тоа треба да се извести Судскиот совет. Ако застојот е причинет од објективни причини (неочекуван прилив на предмети и слично), треба да даде свој предлог до Судскиот совет со цел надминување на состојбата. Но, доколку не се работи за зголемен прилив на предмети или други оправдани причини, не може да се измени распоредот затоа што судијата не успеал да го совлада својот прилив на предмети, а на другите судии кои успешно го совладале приливот на своите предмети да им бидат доделени дополнително други предмети. Доколку застојот се создаде заради работата на судијата, за тоа претседателот на судот согласно закон треба да го извести Судскиот совет и да иницира соодветна постапка.

Затоа, прашањето за Годишниот распоред треба подетално да се дискутира и да се разгледува на начин што не би влијаел само на исклучување и вклучување на одреден судија во АКМИС. Особено што специјализацијата на судиите е значајна. Сепак, за да се овозможи правилна работа на судовите потребно е да бидат исполнети условите за доволен број на специјализирани судии кои постапуваат по предметите. Оттука, Комисијата предлага детална анализа за потребата од организација на судовите согласно можностите на новите технологии, истовремено запазувајќи ги критериумите за овозможување на меѓународните стандарди за фер и правично судење во разумен рок, во корелација со подобрување на функционалноста на АКМИС и потребата од квалитетни кадри кои ќе одговорат на постојните и идни предизвици за овозможување на примената на ЕУ законодавството.

### 4. Внатрешни процедури за управување со движење на предмети во судот за 2022 и 2023 година

Надзорната комисија беше известена дека истите се носат секоја година. На увид беа доставени СУ бр.3/21-2 од 04.01.2022 година и СУ бр.1/23-2 од 04.01.2023 година.

### 5. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2022 и 2023 година

Годишен план за управување со движењето на предметите за контролираниот период е исто така донесен и во него се врши анализа за причините за создавање на заостаток, причини за нерешени предмети како и план за нивно надминување. На


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

увид на Надзорната комисија и беа доставени Годишни планови за управување со движењето на предметите во судот заведени како СУ.бр.3/22-1 од 04.01.2022 година и СУ.бр.1/23-1 од 04.01.2023 година.

**6. Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот за 2022 и 2023 година**

Во судот не се водат службени белешки. Надзорот го вршат преку АКМИС преку контролниците, со кои секојдневно ја следат работата на судот.

**7. Записници од одржани седници на судии на месечно ниво**

Од извршениот увид во Записниците од одржани седници на судиите на месечно ниво во 2022 и 2023 година се констатира, дека во Основниот суд Велес се изготвени записници од одржани седници на месечно ниво (СУ бр. 101/22-1 од 16.05.2022 година, СУ бр.50/22 – 1 од 11.03.2022 г, СУ бр.160/23-1 од 13.10.2023 година, СУ бр.84/23-1 од 25.04.2023 година).

**8. Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот**

Судските оддели редовно одржуваат седници за што се изработуваат седници, на пример Су бр.192/23 од 11.12.2023 година, Су бр. 144/23 од 13.09.2022 година, Су 51/23 од 09.03.2023 година.

**9. Извештаи на повисокиот суд за работата на основниот суд за 2022 и 2023 година**

Надзорната комисија беше известена, дека Апелациониот суд Скопје врши надзор над работата на Основниот суд Велес. Надзорната комисија изврши увид во Извештај на Апелациониот суд Скопје од извршената посета и надзор над работењето на Основниот суд Велес заведен под СУ бр.03-353/22 од 15.03.2024 година.

**10. Месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување**

Месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот редовно се изготвуваат и доставуваат до претседателот на судот. Извештаите

се заведени под Су 01 бр.36/22 од 12.12.2022 година., СУ 01 бр.20/22 од 09.06.2022 година, СУ 01 бр.1/24 од 11.01.2024 година и СУ бр.13/23 од 10.04.2023 година.

**11. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за контролираниот период**

Правосилните судски одлуки редовно се објавуваат на веб-страницата на судот за контролираниот период, односно биле објавени вкупно 716 одлуки, од кои 361 одлуки за 2022 година и 355 одлуки за 2023 година.

**12. Месечни распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за 2022 и 2023 година.**

Надзорната комисија констатираше, дека во Основниот суд во Велес се прави план за дежурства. Увид во Распоред: СУ – 04 бр.24/22-2 од 07.02.2022 година и СУ 04 бр.108/22 од 01.11.2022 година. Су 04 бр.53/23 од 16.06.2023 и Су 04 бр.88/23 од 06.11.2023 година.

Претседателката на Основниот суд Лидија Димова со донесени Одлуки заведени во АКМИС овозможила постапување по предмети за привремени мерки и други предмети со итни рокови преку автоматска прераспределба, заради отсуство на судија согласно Судскиот деловник.

**13. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период**

Судот донесува список на кориснички групи и секој корисник се најавува на системот со свое корисничко име и лозинка. За контролираниот период направен е увид во СУ 07 бр.3/22-1 од 03.01.2022 година и СУ 07 бр.3/23-1 од 03.01.2023 година.

**14. Канцеларија за односи со јавноста**

Формирана е Канцеларија за односи со јавноста, каде како овластено лице е номинирана Љуба Андонова, советник во судот.

**15. Формиран оддел за судска пракса во судот**

Судија Виолета Мојсова претседател на граѓанскиот оддел е задолжена за судска пракса.

**16. На кој начин судот најмалку еднаш годишно ја информира јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите.**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Судот ја информира јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите преку објавување на известувања преку веб страната на судот. Судија Дара Арсова е назначена за портпарол на судот.

**17. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети**

Надзорната комисија беше известена дека работното место Раководител на одделение за информатика кој бил задолжен за АКМИС е испразнето од мај 2022 година. Оттогаш наваму во Одделението за информатика во Основен суд Велес вработен е еден судски службеник Самостоен референт, кој е задолжен за АКМИС.

Распределба и прераспределба на предмети се врши со одлука на Претседателот на судот, а ја вршат судските службеници од писарниците кои постапуваат по предмети од уписниците по кои треба да се врши распределба и прераспределба на предмети. Судските службеници кои вршат автоматска распределба на предмети се определени од Претседателот на судот со Годишниот распоред за работа на судот за тековната година.

**18. Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Во Основен суд Велес нема вработено информатичари, иако по систематизација има предвидени работни места но не се пополнети. Судот има потреба од вработување на информатичари и за таа цел во изминатиот период биле спроведени три огласи на кои не се пријавило лице кое ги исполнува соодветните услови (освен едно лице кое не ги исполнува условите).

*ПРЕПОРАКА: Оваа состојба се сретнува во речиси секој контролиран суд заради што е неопходно системско решавање на проблемот со задржување и вработување на информатичари во судовите.*

**19. Организирани обуки на судски службеници за користење на АКМИС**

Судиите и судските службеници во Академијата следат обуки за АКМИС.

Во текот на 2024 година извршена е обука на дактилографи во судот за тонско снимање, а нововработените во судот се обучуваат за користење на АКМИС со менторство од другите вработени.

**20. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2022 и 2023 година.**

Исклучување на судија од АКМИС- от се врши со образложена одлука за причини за исклучување и со назнака предметот да биде повторно распределен преку АКМИС системот. Исклучувањата се вршат доколку судијата е отсутен подолго од пет работни дена, но не се врши исклучување за време на годишни одмори бидејќи се врши распределба на тековни предмети, а итните предмети се распоредуваат на дежурните судии. Повторно вклучување се врши со одлука на претседателот на судот.

Извршен е увид во предметите СУ 04 бр.151/21-7 од 26.04.2022 година, СУ 04 бр.151/21-2 од 20.01.2022 година и СУ 04 бр. 151/22-5 од 04.03.2022 година.

**21. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2022 и 2023 година.**

Повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија се врши со решение со кое се уважува изземањето доколку постои основ за тоа и се определува по конкретниот предмет да постапува следниот судија утврден со автоматска распределба. Извршен е увид во предметите СУ-ИЗЗ 46/22 од 12.10.2022 година и СУ-ИЗЗ 51/22 од 14.12.2022 година.

**22. План за годишен одмор на судиите за 2022 и 2023 година.**

Планот за годишен одмор е дел од Годишниот распоред за судии.

**23. Број и вид на судски оддели**

Со Годишниот распоред за работа се формирани 2 оддели, кривичен (7 судии) и граѓански оддел (5 судии).

**24. Статистички извештај за работата на судот доставен до Судскиот совет на РСМ кој треба да содржи и анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети.**

До Судскиот совет редовно се доставуваат статистички извештаи со анализа на начинот на решавање на решените предмети и тоа месечни, квартални и годишни извештаи.

**25. Судскиот администратор дали извршил распоред на вработените во судската служба со определување на нивна замена во случај на отсуство**

Судскиот администратор извршил распоред на вработените во судската служба со определување на нивна замена во случај на отсуство.

**26. Огласна табла на судот**

Судот има огласна табла која е поставена на видливо место. Исто така во функција е и огласна табла на веб страна на судот.

**27. Простории за судии поротници и адвокати**

Во судот нема просторија за адвокати и судии поротници.

**28. Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

На надзорната комисија и беше доставен на увид Список на информатичка опрема со која располага Основен суд Велес. Бевме информирани дека ОС Велес располага со компјутерска опрема која ги задоволува потребите на вработените и работењето во целост. Во однос на принтерите, судот има потреба од набавка на најмалку пет нови принтери, затоа што дел од постоечките принтери се некомпатибилни со програмот од новите персонални компјутери.

Комисијата беше информирана дека во судот има нов сервер кој е доставен во 2022 година ги задоволува потребите во судот.

**29. Сите одлуки на рачна распределба на предмети, од АКМИС за 2022 и 2023 година**

Во судот нема одлуки за рачна распределба, а во распоредот е наведено за кои уписници се врши рачна распределба автоматски преку АКМИС.

Судиите не се исклучуваат од распределба кога се на годишен одмор, а итните предмети се доделуваат на дежурен судија. Кога судијата е отсутен подолго од 5 дена, врз основа на одлука се исклучува од распределба во АКМИС.

**30. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот**

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците од 2022 и 2023 година.

На денот на надзорот немаше нераспределни предмети со датум на внес постар од тековниот.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени во автоматска распределба, но постојат и уписници по кои постапува само еден судија и тоа: ЕК, ЗАВ, ЗАВ-Х, ЗАВ-С, ИСАМ, ИКП, КУИКМ, ИОИП, ИПРК, КСМ, КМ, УОСК, К-ПП, ОИД, КУИКП, ППОВ, КП, КПМ, ПК, ПРК-М, ПСО1, КРМ, ПРК-Р.

Претседателот на судот постапува по овие уписници СУ, СУ-ИЗЗ, УПП, О, СПИ.

Редовните предмети се распределуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска распределба, освен поврзаните предмети, итните предмети и предмети од уписници за кои е доделен само еден судија.

За време на надзорот по случаен избор беа побарани на увид следните предмети:

- К17/22 кој е примен на 17.01.2022 година во судот, автоматски распределен на 18.01.2022 година во 13:53 часот и примен од страна на судијата на 20.01.2022 година.
- К250/23 кој е примен на 06.09.2023 година во судот, автоматски распределен на 07.09.2023 година во 13:55 часот и примен од страна на судијата на 11.09.2022 година
- РО95/22 кој е примен на 18.04.2022 година во судот, автоматски распределен на 18.01.2022 година во 13:50 часот и примен од страна на судијата на ден 20.04.2022 година.
- Р231/23 кој е примен на 10.03.2023 година во судот, автоматски распределен на 13.03.2023 година во 13:51 часот и примен од страна на судијата на ден 14.03.2023 година.

### 31. Скенирање на влезни документи

Надзорната комисија беше информирана дека во Основен суд Велес се скенираат сите влезни документи, освен вештачењата и доставниците, додека во прекршоци се скенираат само барањата.

Судот располага со вкупно шест скенери, но за скенирање на влезни документи се користи само еден скенер, бидејќи од технички причини не може истовремено да се скенира на повеќе скенери, затоа што доаѓа до преклопување на бројот од скенираните поднесоци.

### 32. Електронска достава

Во судот функционира еднострана комуникација на електронска достава до правните субјекти кои имаат електронско сандаче. Електронската достава функционира беспрекорно и ги намалува трошоците.

### 33. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник

Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14.00 часот. Итните предмети се распределуваат веднаш.

На денот на надзорот немаше нераспределени предмети со датум на внес постар од тековниот. Предметите редовно електронски се праќаат до судиите.

На денот на надзорот при проверка на Контролниците беа воочени исклучувања и вклучувања на судии од автоматска распределба на ист датум, како што се:

- 03.01.2023 година, судија Валентина Петровска – Поради внес на годишен распоред
- 25.04.2023 година, судија Виолета Мојсова – Заради заведување на укинат предмет ПРК-С 3347/21, а судијата по распоред за работа не постапува по тој уписник, но постапува само по укинати предмети.
- 27.10.2023 година, судија Емине Калач – Судијата со одлука СУ-04 бр.125/22-13 (16.03.2023) била исклучена од прием на нови предмети преку автоматска распределба (поради боледување). Заради примање на укинат предмет ПРКС 2613/23 е вклучена и веднаш после заведувањето е исклучена од распределба.
- 17.08.2022 година, судија Лидија Димова – Во отсуство поради одмор на Убавка Јованова, од страна на нејзината замена Муамет Џемаили, заради заверување на предметот О.бр.578/22 кој е преземен од О.бр.14/06 кој по распоред на работа треба да постапуваат судиите Наташа Мишева, Лорета Тодорова и Виолета Мојсова, направена е ненамерна грешка при што е избришан судија носител (претседателот на судот) и исклучен е од автоматска распределба претседателот кој постапува по О уписникот како носител. Истиот ден техничката грешка е исправена. На комисијата и беше приложена известување со образложение од страна на судските службеници за направената грешка.
- 22.06.2022 година, судија Лорета Тодорова – Заради заведување на предметите КПП 139/22, КПП 140/22, КПП 141/22 како дежурен судија.
- 23.03.2022 година, судија Валентина Петровска - Заради примање на укинат предмет ПРК-С 1273/20, судијата по распоред за работа не постапува по тој уписник, но постапува само по укинати предмети.

## 34. Електронски прием на предмети од страна на судиите

Надзорната комисија беше информирана дека електронското прифаќање на предметите од страна на судиите се врши редовно и нема застој.

### 35. Уписници што се водат во хартиена форма

Надзорната комисија беше информирана, дека во Основен суд Велес сите уписници се водат електронски, освен уписникот ЗАВ – заверки, кој се води и хартиено и електронски.

Увидот заврши на ден 17.04.2024 година во 15:00 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk